Централна кооперативна банка АД Скопје

Врз основа на член 86, став 1, точка 1 од Законот за банките и член 59, став 1, точка 1 од Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката на седницата на Вонредното собрание одржана на 23.03.2023 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за измени на Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје**

**Член 1**

Се става вон сила Одлуката за измени и дополнувања на Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје СА бр.0201-01 од 23.01.2023 година, донесена на вонредната седница на Собранието на акционерите која се одржа на 23.01.2023 година.

**Член 2**

Во Статутот на Банката се вршат следните измени:

1. Во членот 77, ставот 1 се менува и гласи:
„(1) Надзорниот одбор на Банката го сочинуваат шест члена од кои најмалку двајца мора да бидат независни членови."

2. Во членот 77, ставот 8 се менува и гласи:
„(8) Надзорниот одбор на Банката полноважно може да работи ако се присутни најмалку четворица од вкупниот број на членови."

3. Во членот 90, ставот 1 се менува и гласи:
„(1) Надзорниот одбор одлучува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови."

**Член 3**

Собранието на акционерите на Банката го овластува Надзорниот одбор да изврши промени и дополнување во оваа одлука, по евентуалните забелешки на Народна банка на РСМ во постапката за добивање решение за претходна согласност за измена на статутот, кои измени ќе бидат одразени во пречистен текст на статутот, којшто Надзорниот одбор на Банката ќе го изготви и потпише по добивање претходна согласност од гувернерот на НБРСМ.

**Член 4**

Се овластува Надзорниот одбор да изготви пречистен текст на Статутот на Банката.

**Член 5**

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување и усвојување.

***Образложение***

Потребата за измени и дополнувања на статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје произлегува од потребата за проширување на составот на Надзорниот одбор на Банката, преку коишто измени ќе се постигне поголема стабилност на составот од аспект на запазување на законски определениот минимум број на членови.

Исто така, со измените и дополнувањата предвиден е парен број на членови на Надзорниот одбор, па се уредува и одлучувањето на Надзорниот одбор во случај на поделба на гласовите на еднаков број при гласање.

Со овие измени и дополнувањата на статутот на Банката се постигнува поголема рационалност и прецизност во дефинирање на наведените случаи.

Од погоре наведените причини, следуваше Собранието на акционерите да одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**СА бр. 0201 – 03**
**23.03.2023 година**
**С К О П Ј Е**

**Претседавач**

Централна кооперативна банка АД * Скопје *